# Иницијална проценка на влијание на регулативата

## 1. Опис на проблемите

Спроведувањето на процесот на денационализација значи отстранување на извршената неправда кога имотите на поранешните сопственици се одземени присилно. Врз основа на Законот за денационализација и Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација започна процесот на враќање на имотите или доколку тоа не е можно доделување на соодветен надоместок за истите во форма на обврзници, на поранешните сопственици или нивни наследници на имоти  кои им биле насилно одземени, со што континуирано се спроведува отстранување на претходно извршената неправда. Со Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација (Сл.весник на РМ бр.37/02, 89/08, 161/09 и 6/12), се уредува дека Република Македонија  во текот на  наредните дванаесет години ќе врши еднаш годишно по една емисија на обврзници за денационализација, за што во Законот се дава овластување на Владата на Република Македонија со одлука годишно да го утврдува износот на обврзниците што ќе се издаваат. Според податоците со кои располага Министерството за финансии, од јуни 2000 година до крајот на декември 2007 година (во законскиот рок за поднесување  на барањата за денационализација) вкупно се поднесени 30.744 барања. Од вкупно поднесените барања конечни се 25.957 предмети а по  4.787 предмети се постапува во повторна постапка .

Имајќи во предвид дека по 4.787 предмети сеуште не е завршена постапката за денационализација,  потребно е зголемување на бројот на емисиите на обврзници за денационализација.

## 2. Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите

Донесувањето на Законот за изменување на Законот за издавање на обврзници за денационализација е со цел зголемување на бројот на емисии на обврзници за денационализација од дванаесет на четиринаесет емисии, како би можело да се опфатат предметите за денационализација по кои се одлучува во повторна постапка, а за кои е потребно дополнително издавање на обврзници.

## 3. Идентификација на можни решенија (опции)

## Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија

**Предложено решение (опција):**

Предлог на Закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација

**Опис:**

Основно решение што се предлага со законот е зголемување на бројот на емисии на обврзници за денационализација од дванаесет на четиринаесет емисии.

**1. Трошоци**

Со двете дополнителни емисии е предвидено да се издадат обврзници во износ од 15,0 милиони евра за 2013 година и 15,0 милиони евра за 2014 година или вкупно за двете емисии 30,0 милиони евра.

**2. Придобивки**

Со предложеното решение од измената на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација се предлагаат дополнители две емисии на обврзници за денационализација. Со ваквото решение ќе се овозможи лицата кои доставиле барања за денационализација да остварат право за добивање на обврзници за денационализација. Обврзниците за денационализација се издаваат со рок на достасување од 10 години и со каматна стапка од 2% годишно. Исплатата на обврзниците се врши еднаш годишно на 1 јуни секоја година.

**3. Ризици и претпоставки**

Со донесување на Предлогот на закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација ќе се овозможи доделување на соодветен надоместок на поранешните сопственици или нивни наследници на имоти, на кои имотите им биле насилно одземени, со што континуирано се спроведува отстранување на претходно извршената неправда.

Главен ризик од недонесувањето на Предлогот на закон е неотстранувањето на претходно извршената неправда.

**4. Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | **Резултати приложени во материјалот** | **Резултати приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз национална конкурентност | ДА / <u>НЕ</u> | ДА / <u>НЕ</u> |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | ДА / <u>НЕ</u> | ДА / <u>НЕ</u> |
| Влијание врз животната средина | ДА / <u>НЕ</u> | ДА / <u>НЕ</u> |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | ДА / <u>НЕ</u> | ДА / <u>НЕ</u> |
| Влијание врз правата на граѓаните | <u>ДА</u> / НЕ | ДА / <u>НЕ</u> |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | ДА / <u>НЕ</u> | ДА / <u>НЕ</u> |

Чекор 3: Консултации

Извршени се консултации за износите на обврзниците за денационализација кои треба да ги емитува Република Македонија со Комисијата за координација на работата на комисиите кои одлучуваат по барањата за денационализација. Исто така, извршени се консултации и добиено е мислење по однос на текстот на законот од Секретаријатот за законодавство.

## Резиме на иницијалната проценка на влијание на регулативата

**1. Краток осврт на преферираното решение/опција:**

Со решението предложено во измената на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација се овозможува реализирање на дополнителни две емисии на обврзници за денационализација. Зголемувањето на бројот на емисиите на обврзници за денационализација од дванаесет на четиринаесет емисии произлегува од потребата како би можело да се опфатат предметите за денационализација по кои се одлучува во повторна постапка, а за кои е потребно дополнително издавање на обврзници. За спроведување на Законот што се предлага, потребни се финансиски средства кои годишно ќе се обезбедуваат во Буџетот на Република Македонија.

**2. Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**
Виолета Стојановска Петровска, Ленче Тагасовска, Стефан Додов

**3. Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлогот за донесување на закон

| | | |
|---|---|---|
| | **Има** / <u>Нема</u> **<u>влијание</u>** | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| | Има / **<u>Нема влијание</u>** | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија |
| | Има / **<u>Нема влијание</u>** | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар |
| | Има / **<u>Нема влијание</u>** | врз економијата и врз обемот на државна помош |
| | Има / **<u>Нема влијание</u>** | врз животната средина |
| | Има / **<u>Нема влијание</u>** | врз социјалната положба на граѓаните |

| | | |
|---|---|---|
| | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | ДА / **<u>НЕ</u>** |
| | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид, | ДА/**<u>НЕ</u>** |
| | Предлогот за донесување на закон е лекториран. | ДА/**<u>НЕ</u>** |
| | Спроведени се меѓуресорски консултации. | **<u>ДА</u>**/НЕ |
| | Дали предлогот за донесување на закон предвидува управна постапка? | ДА/**<u>НЕ</u>** |
| | Доколку предлогот за донесување на закон предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | ДА/**<u>НЕ</u>** |

**Изјава од Заменик претседателот на Владата и министер за финансии**

Јас, м-р Зоран Ставрески, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанија на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на Заменик претседателот на Владата и
министер за финансии:

м-р Зоран Ставрески  Датум:_____.2013 година

Изготвил: Стефан Додов
Одобрил: Ленче Тагасовска
Согласен: Виолета Стојановска Петровска